ФОРУМ ЗА ПРАВАТА НА РОМИТЕ,,АРКА,,

Donor

B|T|D
The Balkan Trust for Democracy

FORUMI ROMANE NIJAMENGORO’’ARKA’’

ARKA

Караорман 6, 1300 Куманово, Македонија, Tel:+389 31 421 362,E-mail:arka@arka.org.mk,www.arka.org.mk

*Форумот за правата на Ромите“АРКА“ со помош на Balkan Trust Democracy од Ноември 2009 год. започна со перманентно следеньена состојбата на Ромите во Македонија ,со месечни извештаи ,дистрибуирани до сите релевантни домашни и страни Институции и Невладини Организации, надлежни за применување и заштита на човекови права.Проектот редовно ќе комуницира со надлежните Институции по појава на случаи со елементи на кршење на човекови права и ќе ги информира медиумите со цел да ја запознае општата јавноста.*

# МЕСЕЧЕН ИЗВЕШТАЈ
# ЗА СОСТОЈБАТА НА ПРАВАТА НА РОМИТЕ ВО МАКЕДОНИЈА
# ( Мај 2010)

## 1. Реализирана Прес – конференција

ПРЕС КОНФЕРЕНЦИЈА
(презентација на шестмесечниот извештај од проектот „Рома Монитор“ поддржан од Balkan Trust Democracy)

На ден 28 Мај 2010 година (петок) во рамките на проектот „Рома Монитор“ поддржан од Balkan Trust Democracy ја одржавме предвидена активност на проектот, Прес – Конференција во Инфо Центарот на НВО во Скопје.

На Прес – Конференцијата во присуство на претставници новинари од неколку телевизиски куќи (Сител ТВ, Канал 5 ТВ, Телма ТВ) и новинската агенција Мак Факс беше презентиран полугодишниот извештај за резултатите постигнати од шест месечното перманентно следење на правата на Ромите во Македонија, редовна проектна активност во рамките на проектот „Рома Монитор“.

Во своите месечни извештаи кои Форумот за правата на Ромите „АРКА“ ги испраќаше до сите релевантни надлежни институции има забележано околу 16 случаи на кршење на правата на Ромите и тоа во неколку области на општественото живеење: еден судски

случај во кој наша сограѓанка беше физички повредена од страна на хирург при невнимателна и нестручна хирушка интервенција, како резултат на што дошло до траен инвалидитет на едното око и се направи обид случајот да се изманипулира и заглави низ судските лавиринти на штета на нашата странка, еден случај во областа на домувањето, два случаи на селективно спроведување на Законот за заштита на индустриска сопственост, 12 полициски случаи од кои еден случај на судир на полициските специјални единици со пазарџиите на Шуто Оризари, осум полициски случаи во кои се случила злоупотреба на службената должност и во полициската постапка биле загрозен психо-физичкиот интегритет на жртвите и биле повредени основните права, две киднапирања на малолетни деца за кои МВР се уште нема никакви траги.

По исцрпното презентирање на Извештајот од страна на Извршниот директор на ФПР „АРКА" Г-дин Феат Камберовски, пристутните новинари имаа можност да постават прашања на претставниците од организацијата.

Интересни прашања кои задирнаа во сферата на човековите права беа прашањата во врска со вклученоста и третманот на децата Роми во образовниот систем на државата, зошто бројот на децата Роми кои посетуваат редовна настава во основното и средното образование е многу мал и на што се должи тоа.

Одговорот лежи пред се во неедуцираноста, неупатеноста, но и незаинтересираноста на самите родители Роми за важноста од образованието на своите деца. Друга пречка претставува фактот што огромен број ромски семејства се на работ на преживување, значи високата стапка на невработеноста и сиромаштија на родителите кои немаат средства да обезбедат ни за храна, а камо ли за образование. Отежнатиот пристап на Ромските деца до образованието лежи и во недостаток од потребна лична документација, на која проблематика ние со години работиме и се трудиме да ги обезбедиме основните лични документи на мајките и децата, како истите би имале пристап до здравствена заштита и образование. Но истите се честопати слабо упатени и незаинтересирани, па и недоверливи кога се работи за темата помош, зошто најчесто се потфрлувани или маргинализирани од страна на институциите.

Друг проблем за акцентирање кој беше исто така поставен како прашање е зошто голем дел од Ромските деца наместо на училиште се на улица, питачат и се изложени на суровиот третман и немилосрдните услови кои што ги носи уличниот живот.

Високата стапка на сиромаштијата во државата која што задира во сите социјални слоеви, а најпогодени се Ромите, е причината поради која голем број деца заедно со своите родители или самите, питачат по улиците. Истите овие деца се честопати жртви на трговија со луѓе (малолетничка деликвенција, питачење, проституција) или на друг начин се злоупотребуваат. Сиромаштијата е резултат на високата стапка на невработеност меѓу Ромите кои не уживаат еднакви услови и третман при вработувањето, се уште постои дискриминација и предрасуди, послодавците секогаш вработуваат свои луѓе од своја националност.

Информациите од одржаната Пресконференција беа објавени на националните медиуми ТВ СИТЕЛ, Канал 5 ТВ, ТЕЛМА ТВ.

## 2. Образование

Во неколку дневни национални весници во Македонија  се појави
напис под наслов ,, Ниту едно ромско дете не запишано во прво оделение,, со коментар дека во населбата Редорек во Куманово во основните училишта каде се запишуваат овие деца многу мал број на првачиња се запишале во уписниот рок. Ваква појава не е само во овој град туку редовна појава во градовите каде има поголема концентрација на Роми а посебно каде живеат во таканаречени ромски гета. Секако нај големиот дел од вината што навремено не се запишуваат децата во школо ја сносат родителите кои според законите се должни да ги запишат во предвиден рок своите деца. Но сметаме дека вина носат и институциите кои се надлежни за образование кои воопшто или многу малку ја вршат својата работа кога се работи за откривање и санкционирање на оние родители кои поради редица причини не ги запишуваат своите деца во системот на образование.Битно е да се каже дека овие институции не доволно водат сметка за оваа популација од аспект на тоа што не испраќаат свои куриски служби да евидентираат деца кои имаат школска возрас во тие ромски средини и не упатуваат покани за запишување како додатен метода кој ќе ги потсети и потикне на запишување.Се работи за полуписмена заедница која во најголем дел нема навика и традиција за образование и е потребно некој серизно да се зафати со работна на терен со ваквите родители.Нај компетентни се институциите кои треба да имаат дополнителни активностиили проекти за решавање на ваквите проблеми кои секоја година се појавуваат од сите населени места, иако НВО секторот се обидува да направи нешто но без ангажман на одговорните институции резултатите се покаажаа многу слаби што е доказ баш ваквите појави кои редовно се појавуваат.
Апелираме до министерството за образование и испекциските служби заедно со училиштат покренат заедничка акција за елиминирање на овој проблем бидејки постои можност цела генерација на деца да не биде вклучена во системот на образование,што е не допуштено за едно Општество кои се деларира дека се грижи подеднакво за сите свои граѓани без разлика на на нивна етничка,верска и расна припадност.